**SKOLEKS** **MK**

**Скопије**: 02/ 322 75 80, ул. Народен Фронт Б-2, **Кавадарци**: 043/ 412 551, ул. Шишка Б.Б,
**Битола**: 047/ 242 885, ул. Прилепска 56, **Тетово**: 044/ 337 919, ул. Илинденска Б.Б

Eurolux

Your Style...Your Life

# HVV 1400 S (****)
# HVV 1500 S
# HVV 2400 S (****)
# HVV 2500 S
# HVV 2600 S

ВГРАДЕН ФРИЖИДЕР

MK УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**Почитувани корисници,**

Почитувани господа Ви благодариме што го
одбравте нашиот продукт, синоним на квалитет
и сигурност, и се надеваме дека тој апарат
во потполност ќе ги задоволи Вашите барања.
Доколку вним ателно ги следите препораките,
изнесени во оваа инструкција, Вашата мелница
за отпадоци ќе остане и во иднина многу ефикасна.
Не се двоумите да не побарате доколку имате потреба
, ние секогашВи стоиме на располагање за да ви
помогнеме или да Ви дадеме информација
за сите продукти од трговската марката EUROLUX.



Симболот обележан на уредот, или обележан на неговата документација, покажува дека тој уред не смее да се третира како домашен отпад. Наместо тоа тој уред треба да се предаде во најблискиот пункт за рециклирање на електрички и електронски уреди. Уништувањето треба да се изврши во согласност со локалните закони и во согласност со стандардите за животната средина .

## СОДРЖИНА

**Дел 1: ПРЕД УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ**
- Упатства за сигурност
- Препораки
- Вклучување на апаратот

**Дел 2: КАКО ДА СЕ РАБОТИ СО УРЕДОТ**
- Подесување на термостатот
- Индикатор

**Дел 3: ЧУВАЊЕ НА ХРАНА ВО АПАРАТОТ**
- Преграда на фрижидерот
- Преграда на замрзнувачот

**Дел 4: ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ**
- Одмрзнување
- Заменување на светилката

**Дел 5: ПРЕД ДА СЕ ЈАВИТЕ НА ВАШИОТ СЕРВИС**

**Дел 6: ДЕЛОВИТЕ НА АПАРАТОТ И ПРЕГРАДИТЕ**

-Упатствата за работа се однесуваат на неколку модели. И затоа може да се појават разлики.



## Дел 1 ПРЕД УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ MK

Упатства за безбедност

- Ве молиме прочитајте го прирачникот внимателно пред да го инсталирате и вклучите апаратот. Производувачот не сноси одговорност во случај на неправилно инсталирање и употреба.
- **Преупредување**: Отворите за вентилација, во самиот апарат или во делот кој се вградува, не смеат да бидат попречени.
- Ако овој апарат треба да замени со некој стар кој е опремен со заклучување, отстранете го заклучувањето од безбедносни причини за да не се случи деца да се заклучат внатре.
- Ако моделот содржи разладен изобутан (R600a), природен гас со високо ниво на еколошка компатибилност, потребна е голема претпазливост бидејќи изобутанот е запалив. Многу е важно цевките за ладење да не се оштетат при транспорт и инсталирање на апаратот. Во случај да се оштети струјното коло за ладење, избегнувајте отворен оган или извори на топлина и проветрете ја просторијата во која е сместен уредот.
- Не оштетувајте го струјното коло за ладење.
- Не дозволувајте на деца да си играат со уредот. Деца не смеат да седат во фиокоите или да висат на вратата од фрижидерот.
- Не користете адаптери или приклучоци за паралелно вклучување.
- Не приклучувајте стари, извиткани кабли за струја.
- Не виткајте ги каблите и ставете ги подалеку од топли површини.
- Невклучувајте гокабелот воструја совлажни раце.
- Старите апарати содржат изолациони гасови и разладувач кој мора да се исфрли правилно. Ве молиме внимавајте да не се оштети колото за разладување пред да се исфрли апаратот.
- По инсталирањето проверете кабелот да не е заглавен под апаратот.





Препораки

- Не го одмрзнувајте апаратот со други електрични средства (на пр. фен за сушење коса) или други вештачки средства, и не користете остри метални предмети да го отстраните мразот во замрзнувачот, бидејќи може да се оштети системот за ладење.



- Не користете никакви електрични уреди внатре во фрижидерот или замрзнувачот.



- Не ставајте шишиња (стакло или конзерва) кои содржат течности (особени газирани течности) во замрзнувачот бидејќи може да се случи шишето да пукне додека се замрзнува.



- Не допирајте ги ладните површини додека работи апаратот, особено со влажни раце, бидејќи кожата може да се залепи на ладната површина.
- Не јадете мраз, кој е отстранет од замрзнувачот.



## Дел 1 ПРЕД УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ MK

**Приклучување на апаратот**

- Пред да го вклучите, поставете го апаратот во исправена позиција и почекајте барем три часа без да го поместите. Ова ќе му овозможи време на колото за ладење за да се приспособи и да работи ефикасно.



- Исчистете го темелно апаратот, особено внатрешниот дел пред употреба.
- Инсталирањето на апаратот и електричното поврзување мора да ги спроведе квалификуван техничар, во согласност со Прирачникот за инсталирање и локалните правила.
- Процедурата за инсталирање во кујнскиот дел е дадена во Прирачникот за инсталирање. Овој производ е наменет да се користи во единствено соодветни кујнски делови.
- Апаратот мора да биде поврзан со приклучок со правилно снабден осигурувач. Снабдувањето со струја (AC) и волтажата на точка на работа мора да соодветствува со деталите од плочата со името на апаратот (плочата со името е сместена на внатрешната лева страна на уредот).
- Приклучете го кабелот во штекерот со ефикасно заземјување. Ако електричниот штекер нема соодветно заземјување или приклучниот кабел не се совпаѓа, ви препорачуваме да повикате овластен електричар.
- Ако кабелот за снабдување е оштетен, мора да се замени од страна на назначен сервисен агент или квалификувана личност за да се одбегне ризик.
- Производувачот не сноси одговорност за несоодветно заземјување како што е опишано во прирачников.





- Може да се јави миризба при првото вклучување на апаратот. Ќе исчезне откако апаратот ќе почна да лади.



## Дел 6 ДЕЛОВИТЕ НА АПАРАТОТ И ПРЕГРАДИТЕ MK

ФРИЖИДЕР СО ДВЕ ВРАТИ
(висина: 144см)



ФРИЖИДЕР
СО ЕДНА ВРАТА
(висина: 122см)




ЛАДИЛНИК
СО ЕДНА ВРАТА
(висина: 122см)








## ПОДЕСУВАЊЕ НА ТЕРМОСТАТОТ



- Термостатите на замрзнувачот и фрижидерот автоматски ја регулираат внатрешната температура на преградите. Со вртење на копчето од позиција 1 до 5, се постигнува поладна температура.

- "0" позиција покажува дека термостатот е затворен и нема ладење.

- За краткотрајно складирање на храна во преградата за замрзнување можете да го ставите копчето меѓу минимум и средна позиција (1-3).

- За долготрајно складирање на храна во преградата за замрзнување можете да го ставите копчето на средна позиција (3-4).

**- Забелешка:** температурата во просторијата, температурата на свежо складираната храна и во зависност колку често се отвора вратата, влијае на температурата во преградите на фрижидерот и на замрзнувачот. Ако е потребно, подесете го термостатот.

- Кога првпат ќе го приклучите апаратот, треба да го вклучите да работи без храна 24 часа и да не ја отворате вратата, ако треба да го користите веднаш, не ставајте премногу храна.

- Ако уредот се исклучи и извади од штекер, почекајте барем 5 минути пред повторно да го вклучите за да не дојде до оштетување на компресорот.

**- Фрижидерите (со 4 ѕвезди):** замрзнувачот на фрижидерот лади до -18°C и помалку.

**- Ладилниците** (без ѕвезди): Ладилниците немаат преграда за замрзнување но можат да ладат до 4-6°C.

**"Доор Опен" (отворена врата) индикатор; (за фрижидерите со една врата со преграда за замрзнување).**

- Индикаторот "Отворена Врата"на рачката за затворање покажува дали вратата е затворена правилно. Ако се покаже црвен индикатор, вратата е се уште отворена.
- Ако не се гледа црвениот индикатор, вратата е правилно затворена. Внимавајте вратата на замрзнувачот секогашда ви биде правилно затворена. На тој начин храната не може да се одмрзнува; нема да се појавува дебел слој мраз во замрзнувачот и нема непотребно да се троши електрична енергија.








1) ПОЛИЦА НА ФРИЖИДЕРОТ
2) КАПАК НА ДЕЛОТ ЗА СВЕЖА ХРАНА (ЗАШТИТНО СТАКЛО)
3) ДЕЛ ЗА СВЕЖА ХРАНА
4) ЛЕВО и ДЕСНО СТАПАЛО
5) КУТИЈА ЗА ТЕРМОСТАТ

1) ПРЕГРАДА ЗА ЗАМРЗНУВАЧ (опција)
2) ДЕЛ ЗА ЈАЈЦА
3) ДЕЛ ЗА ШИШИЊА
4) СРЕДНА ПОЛИЦА
5) ДЕЛ ЗА ПУТЕР
6) КАПАК НА ДЕЛОТ ЗА ПУТЕР
7) ПЛАСТИЧЕН ПРЕДМЕТ (ЗА ГРЕБЕЊЕ) (опција).

ФРИЖИДЕР
СО ЕДНА ВРАТА
(висина: 87,5см)



ЛАДИЛНИК
СО ЕДНА ВРАТА
(висина: 87,5см)



Ако фрижидерот не работи правилно, може се работи за помал проблем, и затоа проверето го следново:

**Апаратот не работи,**

**Проверете дали:**

- има електрична енергија,
- главниот џек е правилно поставен, или е лабаво ставен
- термостатот е поставен на позиција "0",
- штекерот е исправен. Вклучете друг апарат за кој знаете дали работи за да проверите дали работи штекерот.

**Апаратот работи слабо;**

**Проверете дали:**

- сте го преполниле апаратот,
- вратите се затворени добро,
- има доволно простор за вентилација во кујнскиот дел како што е споменато во прирачникот за упатства.

**Ако има бучење;**

Гасот за ладење кој кружи во колото за ладење создава мало бучење (како меурчиња) дури и кога компресорот не работи. Не грижете се, ова е сосема нормално. Ако овие звуци се различни проверете дали;

- апаратот е инсталиран правилно како што е опишано во прирачникот.
- предметите на апаратот вибрираат.

**Ако има вода во долниот дел од фрижидерот;**

**Проверете дали,**

- одводната дупка е затната (исчистете ја одводниот отвор со помош на одводната тапа.

**Препораки**

**- За се зголеми просторот** и да се подобри изгледот, "делот за ладење" на фрижидерот е поставен внатре во задниот ѕид на преградата на фрижидерот. Кога компресорот работи, овој ѕид е покриен со мраз или водени капки. Не грижете се. Ова е сосема нормално. Апаратот треба да се одмрзне само ако се појави дебел слој на мраз на задниот ѕид.





Преградите на фрижидерот се користат за чување свежа храна неколку дена.
- Не ставајте ја храната во директен контакт со задниот ѕид на преградите од фрижидерот. Оставете малку простор за циркулирање на воздухот.
- Не ставајте врела храна или течности што испаруваат во фрижидерот.
- Секогашставајте ја храната во затворени садови или завиткани.
- Да се намали влажноста и да се одбегне формирање мраз, никогашне оставајте течности во незатворени садови во фрижидерот.
- Месо од секаков вид, завиткано во пакети, се препорачува да се става на стаклената позиција над фиоката за зеленчук, каде воздухот е поладен.
- Овошјето и зеленчукот можете да ги ставите во специјалните прегради за свежа храна без да ги пакувате.
- Да не излегува свежиот воздух, обидете се да не ја отворате вратата многу често и да не ја оставате отворена.

**Преградата на замрзнувачот**

Преградите на замрзнувачот се користат за замрзнување свежа храна или за сакладирање замрзната храна за временски период означен на пакувањето и за коцки мраз.

**- За замрзнување свежа храна:** завиткајте и запечатете ја правилно свежата храна т.е во пакувањето да нема воздух и да не тече. Најдобри за користење се специјални кеси за замрзнување, алуминиумска фолија, политиенски кеси и пластични садови.
- Не дозволувајте свежата храна која се замрзнува да дојде во контакт со веќе замрзната храна.
- Секогашзабележувајте ја датата и содржината на пакувањето и не го надминувајте наведенотото време за складирање.
- Во случај да снема струја или некаков проблем, преградата на замрзнувачот ќе задржи доволно ниска температура за чување на храната. Сепак, не ја отворајте вратата на замрзнувачот за да не се зголеми температурата во преградата од замрзнувачот.
- Максималната количина на свежа храна која може да се наполни во замрзнувачот во рамките на 24 часа е назначена на плочата со името.
- Никогашне ставајте топла храна во замрзнувачот.

**- Кога купувате и складирате замрзнати производи;** проверете дали пакувањето е оштетено.
- Времето на складирање и препорачаната температура за чување на замрзнатата храна се наведени на пакувањето. За складирање и употреба, следете ги упатствата на производувачот. Ако не е наведено, храната не треба да се чува повеќе од 3 месеца.
- Ставајте ја храната во преградата за замрзнувачот веднашпо купувањето.
- Еднашодмрзнатата храна, не ја замрзнувајте храната повторно; мора да се зготви веднашза да се конзумира или да се замрзне.

**Кога правите коцки мраз**, наполнете го садот за мраз и ставете го во преградата на замрзнувачот. Кога водата ќе се замрзне целосно, свиткајте го садот како што е прикажано за да ги извадете коцките мраз.

**Исклучете го апаратот од струја пред да го чистите.**

- Не истурајте вода над апаратот.
- Преградата од фрижидерот треба да се чисти периодично со раствор од сода бикарбонат и млака вода.
- Додатоците посебно измијте ги со сапун и вода. Не ги ставајте во машина за садови.
- Не користете абразивни производи, детергенти или сапуни. По миење исплакнете со чиста вода и исушете внимателно. Кога ќе завршите со чистење, вклучете го апаратот со **суви раце.**



**Одмрзнување на преградата на Фрижидерот:**

- Одмрзнувањето се појавува автоматски во преградата на фрижидерот додека работи; одмрзнатата вода се собира послужавникот за испарување од каде и испарува автоматски.
- Послужавникот за испарување и одводната дупка со одмрзнатата вода треба да се чистат периодично преку одводниот дел за одмрзнатата вода за да не се собира на дното од фрижидерот туку да истекува.
- Можете истотака да истурите половина чаша вода да ја исчистите одвнатре одводната дупка.



**Одмрзнување на преградата на замрзнувачот (ако има):**

- ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Никогашне користете остри метални предмети. Освен ако не е препорачно од произведувачот, за оваа операција бидејќи тие можат да го оштетат колото за ладење.

- По некое време мразот ќе се напласти во некои делови од преградата на замрзнувачот. Мразот, кој е насобран во замрзнувачот, треба периодично да се отстранува (користите пластичен предмет ако е потребно).





- Целосно одмрзнување ќе биде доволно доколку се остави замрзнат слој од 3-5 мм да се оддржи ефикасноста на замрзнувачот.
- Денот пред да одмрзнувате, подесете го термостатот на позиција "5" да се замрзне целосно храната.
- За време на одмрзнувањето, замрзнатата храна треба да се завитка во неколку слоеви хартија и да се чува на ладно место. Неизбежното покачување на температурата ќе го намали периодот на складирање. Не заборавајте оваа храна да ја употребите за релативно краток период.
- Подесете го копчето на термостатот на "0" позиција и исклучете го апаратот.
- Оставете ја отворена вратата да го забрзате одмрзнувањето. Отстранете ја одмрзнатата вода од преградата.
- Овој апарат е обезбеден со посебен одводен систем.
- Извлечете ја **долната фиока A** од преградата на замрзнувачот и ставете ја на подот доближувајќи ја до предниот долен дел од апаратот.
- Извлечете го **цевката за одвод B** поставена на задниот дел од преградата на замрзнувачот. Потоа поставете ја во длабнатинката на предната страна на дното од апаратот.

**- Никогашне користете абразивни производи или силни средства за чистење.**

- Исушете ја внатрешноста, вклучете и подесете го термостатот на позиција "5". По 24 часа, подесете го повторно термостатот на саканата позиција.



**- Заменување на светилката во фрижидерот**

Кога ја заменувате светилката:

1. Исклучете го уредот од струја,
2.Притиснете на закачалките поставени од двете страни на капачето и отстранете го капачето на светилката.
3. Заменете ја светилката (B) со нова, не појака од 15 Њ.
4. Ставете го повторно капачето на своето место и вклучете го уредот по 5 минути.